ОЕМУЦ
Св. Наум Охридски
Охрид, Македонија

Училишната комисија за спроведување на конкурсот за упис на ученици во Општинскиот Електромашински училиштен Центар “ Св.Наум Охридски“ – Охрид, **за учебната 2026/27 година, објавува:**

ОГЛАС

За слободни ученички места во второто пријавување во јунскиот уписен рок во I година во учебната 2026/27 година

Во **I година во второто пријавување во јунскиот уписен рок во учебната 2026/27 година** ќе се запишат вкупно **97 ученици во 8 паралелки** со настава на **македонски наставен јазик** според наставните планови и програми за :

МАШИНСКА СТРУКА –51 ученици, 3 паралелки

профил	ученици	паралелка	годишно траење	поени минимум
Техничар за возила на алтернативен погон	10	1	4	45

*(соработка со компании

Техничар за возила на алтернативен погон

- Авто Сервис Номче Охрид
- Авто Сервис Марио Охрид
- Авто Сервис Игор- Охрид
- Авто Сервис Аце с. Лескоец
- Автосервис Златни Зраци Охрид
- Автосервис Авторемонт Охрид
- Автосервис Ристе
- Дебрца Експрес
- Автосервис Сајмон

профил	ученици	паралелка	годишно траење	поени минимум
Машински техничар	7	1	4	45
*(соработка со компании <u>Машински техничар</u> • БРАТСТВО ИНОКС ДОО Охрид • ПАП компани – Охрид • Кота 94 • Фриго пластика				

профил	ученици	паралелка	годишно траење	поени минимум
Автомеханичар/Инсталатер за греење и климатизација	34	1	3	30

<u>ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА СТРУКА</u> –45 ученици, 4 паралелки

профил	ученици	паралелка	годишно траење	поени минимум
- **Е**лектротехничар за компјутерска техника и автоматика	32	2	4	58

профил	ученици	паралелка	годишно траење	поени минимум
-Електротехничар за електроника и телекомуникации	5	1	4	50
*(соработка со компании • ПАП – Охрид • Јонгис - Охрид • Алтрасат – Охрид • Инфо биро – Охрид • Питон обезбедување Охрид • Електрон Охрид				

профил	ученици	паралелка	годишно траење	поени минимум
-Електротехничар - енергетичар	8	1	4	45
*(соработка со компании • ЕВН – Охрид • ДАС Инжинеринг Охрид • ФИ-ЕЛ ЛЕС • ЈП Водовод-Охрид				

<u>ЛИЧНИ УСЛУГИ</u> – 1 ученик, 1 паралелка

профил	ученици	паралелка	годишно траење	поени минимум
-Техничар за козметичка нега и убавина	1	1	4	45
*(соработка со компании • Козметички салон СПА Изида – Охрид				

- Козметички Салон ,,Силвија,, – Охрид
- Студио ,,Арс Нова,, – Охрид
- Фризерски Салон ,,Фиснике,,– Охрид
- Студио,, Елит Мари,, Охрид
- Козметички салон ,, Биба Бјути,, Охрид
- Козметички салон ,, Перфекта,, Струга
- Козметички салон ,,ЕС Лејди,, Охрид

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:

При пријавувањето учениците треба да ги достават следните документи :

-Пријава за запишување (пријавата за запишување учениците ја генерираат со печатење на електронската пријава преку системот за е-услуги)

- оригинални сведителства од VI до IX одделение;

- дипломи од освоени I, II и III место од меѓународни натпревари и/ или I место државни натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници за реализација на натпревари во основно образование, од страна на МОН.

--извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).

-проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ

Услови за запишување на учениците:

- да имаат завршено основно образование;

-да не се постари од 17 години;

-да се определиле за план и програма за еден од горенаведените образовни профили за стручно образование.

Критериуми за избор на учениците се :

-среден успех на ученикот од VI до IX одделение

-среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (**мајчин јазик, странски јазик и двата предмети кои се од значење за струката – електротехничка, машинска и сообраќајна – математика и физика и лични услуги – хемија и биологија)**

-дипломи од освоени (I, II и III) место од меѓународни и I место од државни акредитирани натпревари (меѓународен натпревар I место-5 поени, II место 4 поени и III место -3 поени; државен натпревар I место-3 поени.

-средна вредност од поени добиени за поведение од VI -IX одделение (примерно – 5 поени, добро – 3 поени, незадоволително – 0 поени)

ПРИЈАВУВАЊЕ:

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во јунски уписен рок со две пријавувања, преку електронско аплицирање на следниот линк :https>//e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку кориснички сметки на Schools.mk.

Второто електронско пријавување на учениците во јунскиот уписен рок се врши **на 23 јуни 2026, од 00.00 до 23,59 часот.(а помош во училиштето ќе има организирано на 23 јуни од 08,00 до 16,00 часот). Доставувањето на потребната документација до училиштата е 24 јуни 2026 од 08,00 до 15,00 часот . Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 25 јуни 2026 година, најдоцна до 12,00 часот на огласна табла на училиштето и на веб страната .**

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на годината , испити за побрзо напредување, доколку има слободни места после јунскиот рок можат да се пријават на 20 август 2026 од 00,00 до 15,00 часот електронски. Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 21 август 2026 од 08,00 до 14,00 часот .Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето ќе се објават истиот ден на 21 август 2026 година, најдоцна до 19,00 часот на огласна табла на училиштето и на веб страната.

НАПОМЕНА : По објавувањето на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето задолжително ја подигнуваат целокупната документација во рок од 24 часа.

18 Јуни 2026 година

Од училишната комисија при ОЕМУЦ“ Св.Наум Охридски“ –Охрид